Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

**Број: 04-7543/9**
**Датум: 20.12.2021 година**

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20 и 215/21), Државниот секретар на Министерството за транспорт и врски донесе:

# О Д Л У К А
## за избор на кандидат по Интерен оглас 04/2021 за унапредување на административни службеници во Министерството за транспорт и врски

1. Кандидатот **Ружа Стојановска**, по пат на интерен оглас број 04/2021 се избира за работно место **УПР 01 01 Б02 000 Раководител на сектор за управно-надзорни работи во Сектор за управно-надзорни работи**- 1 (еден) извршител.

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по интерен оглас број 04/2021 со број 04-7543/7 од 20.12.2021 година.

3. Именуваната ќе биде унапредена на работното место од став 1 по конечноста на оваа Одлука.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на добиено Известување од Министерството за финансии со нивен број 18-10461/2 од 03.12.2021 година, Државниот секретар упати Барање со број 04-7543/1 од 07.12.2021 година за отпочнување на постапка за унапредување на 4 (четири) административни службеници во Министерството за транспорт и врски.

Одделението за управување со човечки ресурси објави интерен оглас број 04/2021 за унапредување на 4 (четири) административни службеници во Министерството за транспорт и врски, објавен на ден 10.12.2021 година на веб страната на Министерството за транспорт и врски и на веб страната на Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, од страна на Државниот секретар беше формирана Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници, со Решение со број 04-7543/5 од 16.12.2021 година.

Комисијата утврди дека за предметното работно место, пријава имаат доставено двајца кандидати.


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Плоштад Црвена Скопска Општина“ бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

При административна селекција на пријавите за работното место Раководител на сектор за управно-надзорни работи, Комисијата утврди дека пријавата на кандидатот Ружа Стојановска е уредна и ги исполнува условите утврдени во интерниот оглас, а пријавата на кандидатот Далибор Недељковиќ не ги исполнува условите утврдени во интерниот оглас бидејќи не го исполнува условот од член 48 став (5) алинеја 2 од Законот за административни службеници, затоа што истиот е на работно место во звање советник, кое работно место не е на непосредно пониско ниво, а не е ни во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас и истата е неуредна. За извршената административна селекција се состави Записник број 04-7543/6 од 17.12.2021 година.

Врз основа на Записник од спроведување на интервју за унапредување на административни службеници на работно место од категорија Б , Комисијата за селекција изготви Финална ранг листа на интервјуиран кандидат и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 04/2021 со број 04-7543/7 од 20.12.2021 година.

Врз основа на ранг листа, Државниот секретар во Министерството за транспорт и врски донесе Одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

По конечноста на оваа Одлука, ќе се донесе Решение за унапредување за именуваниот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**МИТКО ТРАЈЧУЛЕСКИ**

Доставено до:
- Кандидатите ;
- Одделение за управување со човечки ресурси;
- Архива.

Изработил: Билјана Мојсовска Милеска
Проверил: Анита Војновска Наумовска


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Плоштад Црвена Скопска Општина“ бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk